**ИЗВЕШТАЈ**
**за**
**активности поврзани со проектот**
**„Превенција од дискриминација и постапување во случаи на криминал од омраза и говор на омраза“ (Мисија на ОБСЕ во Скопје)**

**за учество**
**на студентите од Правниот факултет**
**при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип**
**под менторство на**
**доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска**

**(период март 2017 – ноември 2017)**

## АКТИВНОСТ БР. 1: Организација на Ораторски вечери

**Резултат од спроведените активности:**

На 30 март 2017 година во 19.00 часот, на Правниот факултет во Штип се одржаа седмите Ораторски вечери. Настанот беше организиран од Правниот факултет и Клубот на оратори „Rostra Vetera”. Настанот го отворија деканот на факултетот проф. д-р Јован Ананиев, како и двајцата членови на Клубот на оратори доц.д-р Димитар Апасиев и ас. докт. Елена Максимова. Ораторските вечери беа поделени во три категории и тоа: историски говори, говори на тема „антидискриминација, говор од омраза и криминал од омраза“ и категорија на слободни говори. Вкупно беа пријавени 15 учесници од кои 5 во категорија „историски говори, 5 во категорија „антидискриминација, говор од омраза и криминал од омраза“ и 7 во категорија „слободни говори“. Студентите кои се јавија за учество се следните: Теодора Новевска, Христина Спирова, Иван Буралиев, Елена Орцева, Методи Донски, Лазар Тасев, Иван Ангелковиќ, Никола Велков, Иван Николов, Љупка Трајкова, Зорица Јакимовска, Ивана Карова, Армин Кадриоски, Аљоша Кацаров, Душко Стојановски, Саше Апостолов и Љупка Спирова.

Комисијата за оценка беше составена од доц. д-р Трајче Стојанов, доц. д-р Кристина Мишева и доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска. Беа составени посебни критериуми за евалуација, врз основа на кои се оценуваа ораторите.

Победници во трите категории беа: Елена Орцева во „Историски говори“, со говорот на Вероника Франко пред Венецијанскиот суд; Иван Буралиев во категорија „Антидискриминација, говор од омраза и криминал од омраза“ со говор за моменталните ситуации и говорот на омраза и за исполнетоста на политичката сцена со говор на омраза, и Христина Спирова во категорија „Слободни говори“ со говор за моменталните состојби на насилства врз новинарите и слободата на говорот во Македонија. Сите победници добија парична награда од Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, пакет книги во издание на Правен факултет, и за победникот во категоријата „Антидискриминација, превенција на говор од омраза и криминал од омраза“ беше предвидено учество на Летната школа за човекови права и кривично право во Охрид.

Настанот беше поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, за што беше спроведена закуска и освежување по неговото завршување.

**Исполнување на целта:**

Оваа активност ја постигна целта за којашто беше предвидена, најпрво затоа што организирање на ораторски вечери само по себе претставува активност којашто ја изразува и ја остварува слободата на говорот и на изразувањето како и слободата на мисла, со тоа што им се овозможува на студентите слободно да ги искажат своите ставови и сфаќања за општеството. Дотолку повеќе ја остварува целта поврзана со антидискриминација, превенција од говор на омраза и криминал од омраза, затоа што во рамките на ораторскиот натревар се предвиде посебна категорија за таа тема, во која земаа учество 5 студенти. Освен тоа со самиот факт што овие студенти се подготвуваа на тема антидискриманција, превенција на говор од омраза и криминал од омраза, и изработија свои говори, овој труд на некој начин нив ги определува и ги насочува истите, односно им создава основа во иднина повторно да бидат проактивни и да делуваат во овој правец. Впрочем, преку нивното учество се зголемува свеста кај студентите за проблемите и прашањата поврзани со антидискриминација, превенција на говор од омраза и криминал од омраза, а со тоа се постигнува и крајната цел на проектот.

**Документиран материјал:**

На следниот линк може да се најдат снимки од учесниците на натпреварот по ораторство: https://www.youtube.com/playlist?list=PLHcS9CAgVrFgcZosa6Tz7LQn58dnjin2U

**АКТИВНОСТ БР.2: Обука на студенти од Alumni за превнција од дискриминација и постапување во случаи на говор од омраза и криминал од омраза**

**Резултат од спроведените активности:**

На 7 април 2017 год. во Свечената сала на Правниот факултет, УГД – Штип се одржа обука од алумни, поранешни слушатели кои веќе учествувале на циклусот на активности поврзани со истоимениот проект за 2016-2017 год., кои презентираа на таргетирана група на студенти – слушатели кои во текот на 2017 – 2018 год., ќе земат учество во активностите поврзани со проектот.

Во обуката, како алумни земаа учество вкупно 10 студенти (Кире Иванов, Елена Трајковска, Наташа Донева, Анастазија Коцева, Антонио Стоилов, Андреј Митевски, Христина Спирова, Марија Алексовска, Иван Николов и Верица Јосифова), кои во менторство на проф. д-р Жанета Попоска реализираа четиричасовни предавања, и преку теории, примери и пракса ги дефинираа, објаснија и доловија основните поими поврзани со антидискриминација, превенција на говор од омраза и криминал од омраза. Предавачите се поделија во три групи и тоа: антидискриминација, превенција на говор од омраза и превенција на криминал од омраза.

Целната група на којашто се однесуваше оваа обука беа студентите од прва, втора и трета година од Штип и од дисперзиите во Струмица, и вкупно земаа учество околу 30 студенти.

Настанот беше поддржан од ОБСЕ, за што беше спроведена закуска и освежување во текот на обуката.

**Исполнување на целта:**

Оваа активност постигна двојна цел, во однос на студентите – обучувачи и во однос на студентите – слушатели. Од една страна со вклучувањето на студенти – алумни во процесот на обучување, се покажа одржливост кон самиот проект и проектните активности од претходната година - остварувајќи нивен континуитет, и се овоможи ширење и дисеминација на веќе здобиените знаења на студените од претходната година кон ново таргетиранаата група. Освен тоа, целата на активноста дотолку повеќе се оствари затоа што студнтите – алумни се ставија во улога на предавачи, која ги натера истите да истражуваат, да се ангажираат и да се подготуваат во темата којашто им беше зададена, што ќе рече дека тие консултирале и прочитале разни материјали, истражувале во библиотека и на интернет, дебатирале меѓу себе итн. Сето ова придонесло за потврдување на нивните знаења, и гледано во една поширока рамка за нивно идно насочување во општеството и во професионалниот живот. Исто така, учеството на студенти – алумни како предавачи, повеќе ја приближува проблематиката кон студентите, затоа што тие се генерациски блиски и затоа што ги индиректно ги поттикнуваат студентите да се вклучат во слични активности. Од друга страна пак, во однос на студентите – слушатели, целта се постигнува со тоа што тие ја претствуваат новата група на студенти од прва до трета година, преку која ќе се овозможи иден континуитет на активностите поврзани со проектот. Пред сѐ, затоа што оваа група ќе се поврзе и ќе се консолидира како група, и заради тоа што ќе се здобие со основните предзнаења за да може да ги следи понатамошните проектни активности.

**Документиран материјал:**

На следните линкови може да се најде веста за одржувањето на обуката (http://pf.ugd.-edu.-mk/?p=96), и да се погледнат сликите од обуката (https://www.facebook.com/photo.php?fbid=-10208988720622962&set=pb.1465145886.-2207520000.1500029147.&type=3&theater).

**АКТИВНОСТ БР. 3: Дебата за криминал од омраза: феноменологија, трендови и последици**

**Резултат од спроведените активности:**

На 26 април 2017 г. во Свечената сала на Правен факултет, УГД – Штип, се одржа Дебата за криминал од омраза: феноменологија, трендови и последици, со почеток во 10.30 часот. Дебатата ја водеа проф. д-р Лазар Нанев, проф. д-р Жанета Попоска и доц. д-р Олга Кошевалиска.

На дебатата најпрво говореше доц. д-р Олга Кошвалиска, која ги воведе студентите во основите на кривичното право и на криминалот од омраза. Потоа, излагање имаше професорот Лазар Нанев, кој говореше за феноменологијата и последиците од криминалот од омраза, кој воедно даде и практични примери. На крај, професорката Жанета Попоска говореше за трендовите во криминалот од омраза, допирајќи ги националните случаи поврзани со криминал од омраза врз основ на етничка припадност, сексуална ориентација, религија и политичко уверување, како и ги претстави современите начини и бази на податоци за следење на криминалот од омраза на национално ниво изработени од Хелсиншкиот комитет.

На дебатата земаа учество околу 40 студенти од сите години на Првниот факултет, вклучувајќи ги студентите кои беа присутни на обуката од алумните.

Настанот беше поддржан од ОБСЕ, за што беше спроведено освежување по завршување на дебатата.

**Исполнување на целта:**

Активноста ја постигна целта за којашто беше предвидена, со тоа што им овозможи на студентите преку предавањата подетално да се запознаат со проблематиката поврзана со криминалот од омраза, неговата феноменологија и последиците, како и со неговите трендови во Република Македонија. Оваа активност претставува еден вид на потврдување и на проширување на знаењата кои им беа пренесени на студените за време на обуката од алумните. Исто така, дебатата овозможи консолидирање на таргет групата на студените која беше оформена со претходната активност.

**Документиран материјал:**

На следниот линк може да се најде кратка најава за дебатата (http://pf.ugd.edu.mk/?p=96)

**АКТИВНОСТ БР. 4: Промоција на Истражувачкиот извештај – Влијание на стереотипите и етничката дистанца за појава на дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза во рамките на одбележувањето на Денот на Европа**

**Резултат од спроведените активности:**

На 9 мај 2017 год., со почеток во 11.30 часот во Свечената сала на Правниот факултет, УГД – Штип, се одржа одбележување на Денот на Европа. Во рамките на овој настан беше предвидена промоција на книги и списанија во издание на Правниот факултет, како и промоција на Истражувачкиот извештај „Влијание на стереотипите и етничката дистанца за појава на дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза“ во издание на ОБСЕ. Учесниците коишто ги промовираа книгите беа: проф. д-р Марија Ташева и проф. д-р Жанета Попоска кои го промовираа Извештајот, доц. д-р Марија Амповска која ги промовираше Зборниците од третата конференцијата „Општествените промени во глобалниот свет“ како и меѓународното списание Balkan Social Science Review, и доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска која ја промовираше книгата Migration at sea: International Legal Perspectives and Regional Approaches, понатаму Шестиот број на Годишен зборник на Правниот факултет и студентското списание Student’s Social Science Jouarnal. Исто така, во рамките на овој настан во соработка со доц. д-р Јана Јакимовска од Ликовната академија, УГД – Штип, беше отворена изложба на тема човекови права и антидискриминација, во која беа изложени дела – постери од страна на студентите од Ликовната академија.

На промоцијата учествуваа студенти од сите години на студии на Правниот факултет, професори, и гости. Промоцијата беше медиумски покриена од страна на локалните телевизии во Штип.

**Исполнување на целта:**

Со оваа активност се постигнаа две цели. Од една страна таа ја исполни целта заради која беше предвидена односно промоција на Истражувачкиот извештај „Влијание на

стереотипите и етничката дистанца за појава на дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза“, при што на јавноста ѝ беа поделени повеќе примероци од Извештајот, така што таа имаше директен увид во истражувањето и во добиените резултати од извештајот. Од друга страна пак, остварувањето на соработка со Ликовната академија и одржувањето на изложба на дела од студенти од Академијата, изработени на тема човекови права и антидискриминација, дотолку повеќе послужи за остварување на крајната цел, затоа што успеа да ја поврзе материјата за антидискриминација и човекови права со сосема различна сфера на општественото делување со која што претходно речиси немале никакви допирни точки заедно. Со овој акт дополнително се придонесе за подигање на свеста за човековите права и за антидискриминација во сегменти од општеството коишто се различни од правните и политичките науки.

**Документиран материјал:**

Настанот беше документиран на ТВ вести во локалните телевизии во Штип (ТВ Ирис и ТВ Ера), и беше документиран од страна на Центарот за односи со јавност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Во однос на последново заради преработка на веб сајтот на Универзитетот, информациите кои беа пласирани за документираниот период сè уште не се повторно објавени на сајтот, но се чуваат во универзитетската архива.

**АКТИВНОСТ БР. 5: Летна школа за човекови права и кривично право во Охрид**

**Резултати од спроведени активности:**

Од 27 јуни до 3 јули 2017, во Охрид се одржа втората Летна школа за човекови права и кривично право, во организација на Правен факултет, УГД – Штип, Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ – Скопје и Правен факултет, ДУТ – Тетово.

Во рамките на школата се одржаа предавања и работилници на теми од човекови прав и кривично права од професори кои доаѓаат од трите организациски универзитети, меѓу кои од Правниот факултет – Штип, учествуваа проф. д-р Јован Ананиев, проф. д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ, проф. д-р Жанета Попоска, проф. д-р Лазар Нанев, доц. д-р Олга Кошевалиска и доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска.

На школата земаа учество околу 50 студенти, од гореспоменатите универзитети, од кои 16 студенти од Правниот факултет - Штип, вклучувајќи го победникот од седмиот натпревар по Ораторство на Правниот факултет – Штип, студентот Иван Буралиев. Во рамките на школата беше предвиден завршен тест, со кој се изврши проверка на знаењето на студентите и им беа доделени сертификати за учество на студентите.

Учеството во летната школа беше целосно финансиски и организацски поддржано од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

**Исполнување на целта:**

Спроведувањето на летната школа ја оствари целта за којашто беше предвидена. Најпрво ги собра на едно место студентите од трите државни универзитети, кои преку соодветна апликација изразија интерес да учествуваат во школата. Во однос на студентите кои

учествуваа од Правниот факултет – Штип, дел од нив се всушност оние студените кои ја претставуваат таргет групата на проектот, а се претпоставува дека и другите студенти кои земаа учество од другите два факултети, дека се на некој начин вклучени во проектните активности. Освен тоа, со самиот факт што студентите кои учествуваа на школата беа од различно етничко, говорно, социјално и друго потекло, придонесе да се надминат класните бариери и етничките дистанци коишто се претпоставува дека постојат во македонското општество. Оваа можност на студентите да се здружат и да учествуваат во заеднички активности, било преку предавања, работилници, попладневни и вечерни дружби и слободни активности, ќе придонесе за создавање на а-територијални, интерјазични и пануниверзитетски врски и линкови помеѓу студентите, кои ќе претставуваат основа за понатамошно соработување во различни области, а особено во областа на човековите права и кривичното право.

Освен тоа, школата ќе им овозможи на студентите да направат трансфер на кредити по одделни предмети за компоненти вежби и проектна задача, со што дополнително ги стимулира и ги поттикнува студените да работат во оваа насока.

**Документиран материјал:**

Настанот е документиран на вебсајтот на Правен факултет – Штип, на следниот линк (http://pf.ugd.edu.mk/?p=123).

**АКТИВНОСТ БР. 6 Студиска посета на институции (Народен правобранител)**

**Резултати на спроведени активности:**

На 28.11.2017 г. се оствари студиска посета на институцијата Народен правобранител, во Одделот којшто постапува по случаи за дискриминација и говор од омраза во Скопје.

Во рамките на посетата државниот советник Марјан Поњавиќ - одговорен за постапување по случаите поврзани со дискриминација и говор од омраза, одржа предавање на тема поврзана со работата на Народниот правобранител (создавање, состав, надлежност, функции и слично.) со посебен осврт на надлежноста на Правобранителот за постапување по случаи поврзани со дискриминација и говор од омраза. На предавањето исто така им беа поделени информативни материјали и брошури на студентите, поврзани со темата на посетата.

Во посетата земаа учество 43 студенти, од Правниот факултет во Штип и дисперзираните студии во Струмица, и тоа од сите студиски насоки и од сите студиски години.

Превозот за посетата го организираше Правниот факултет во Штип.

Исто така, во рамките на оваа активност беше предвидена и посета на Комисијата за заштита од дискриминација, но заради недостаток на просторни капацитети во Комисијата, истата не се спроведе.

**Исполнување на целта:**

Спроведувањето на посетата на институцијата Народен правобранител ја оствари целта за којашто беше  предвидена. Имено, студентите имаа можност да се запознаат директно со

работата на Народниот правобранител, со неговите надлежности, функции, постапки и слично, и имаа можност директно да се сретнат со извршителите во постапките по случаи од дискриминација и криминал од омраза. Всушност, студентите создадоа идеја за тоа како и на кој начин Народниот правобранител постапува по овие случаи, ги остварува своите надлежности, им помага на загрозените лица да ги заштитат и да ги остварат своите права, и пред се’ кои се предизвиците со коишто Правобранителот се соочува во текот на постапката. Дискусија се разви околу степенот на успешност во имплементацијата на мислењата на Народниот правобранител од страна на институциите во Република Македонија, како и околу неговата ненадлежност да постапува по случаи од дискриминација и говор од омраза во приватниот сектор, кога таму најмногу се регистрираат вакви или слични случаи.

Освен тоа, оваа посета ја оствари и целта за поврзување на студентите меѓу себе и за консолидација на јадрото на студенти кои учествуваат во проектот односно на студентите кои се вклучени во темите на антидискриминација, говор од омраза и криминал од омраза.

**Документиран материјал:**

На следниот линк може да се најдат информации околу остварување на студиската посета кај Народниот правобранител (http://pf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/17-poseta-studenti-pravobranitel.)

**АКТИВНОСТ БР. 7 Панел човекови права и слободи, во рамките на Меѓународната конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ (6 и 7 септември 2017) и публикација на трудови во зборник**

**Резултати на спроведени активности:**

На 6 и 7 септември 2017 г. на Правниот факултет во Штип, се спроведе четвртата меѓународната конференција „Општествените промени во глобалниот свет“. Во рамките на конференцијата беше одржан посебен панел на тема „Човекови права и слободи“.

На конференцијата вкупно учествуваа околу 90 учесници, додека на панелот Човекови права и слободи земаа учество 8 панелисти и тоа:

1. Хелга Шпадина: *EMPLOYMENT AND LABOUR RIGHTS FOR PERSONS UNDER INTERNATIONAL PROTECTION IN REPUBLIC OF CROATIA*
2. Ице Илијевски, Злате Димовски, Кире Бабановски, Александар Георгиев: *SMUGGLING OF MIGRANTS DURING REFUGEE CRISES*
3. Саша Кнежевич, Иван Илич, Дарко Димовски: *FORCED STERILIZATION – A CRITICAL REVIEW OF THE ECtHR PRACTICE*
4. Жанета Попоска: *SEGREGATION OF ROMA IN SCHOOLS FOR PERSONS WITH DISABILITIES – CASE LAW OF THE EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS*
5. Љубиша Стефаноски, Јован Андоновски: *ПРАВО НА ПОСВОЕНИТЕ ДЕЦА ДА ГО ЗНААТ СВОЕТО БИОЛОШКО ПОТЕКЛО И ИДЕНТИТЕТОТ НА СВОИТЕ*

*РОДИТЕЛИ/ THE RIGHT OF THE ADOPTED CHILDREN TO KNOW THE BIOLOGICAL ORIGIN AND THE IDENTITY OF THEIR PARENTS*

6. Лазар Нанев, Олга Кошевалиска, Елена Максимовска: *ПРИТВОР ВО ПОСТАПКАТА СПРЕМА ДЕЦА/ DETENTION IN THE PROCEDURE TOWARDS CHILDREN*
7. Василка Салевска – Трајкова: *СОЗДАВАЊЕТО НА ЕВРОПСКОТО УСТАВНО ПРАВО НИЗ ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА/ CREATING THE EUROPEAN CONSTITUTIONAL LAW THROUGH THE PROCESS OF EUROPEAN INTEGRATION*
8. Христина Рунчева Тасев: *THE THREAT OF CONTEMPORARY EUROPE: POPULISM AND EUROSCEPTICISM*

Панелот Човекови права го модерираа проф. д-р Жанета Поповска и доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска.

Во организацискиот одбор на конференцијата учествуваа: проф. д-р Јован Ананиев, доц. д-р Кристина Мишева, доц. д-р Марија Амповска и ас. док. Елена Максимова.

Во рамките на конференцијата беше публикуван и промовиран Зборник на трудови од конференцијата, кој се состои од три дела и тоа, право, политика и општество и брои 1290 страници. Зборникот, исто така е објавен и во електронска верзија која може да се најде на следниот линк: https://www.dropbox.com/sh/06wa5ghjkklfrnw/AABlj6YFxf2H60aKhMk0B9-91a?dl=0

Мисијата на ОБСЕ во Скопје ги покри трошоците за закуска и освежување на конференцијата.

**Исполнување на целта:**

Одржувањето на меѓународната конференција собра на едно место повеќе од 90 учесници, од кои околу 10 беа вклучени во панелот за човекови права и слободи.

Одржувањето на меѓународната конференција ја исполни целта за којашто беше предвидена. Најпрво затоа што конференцијата веќе се одржува во континуитет. Всушност ова е веќе четврта година, и по четврти пат продолжува да се негува традицијата за посветување на посебен панел во рамките на конференцијата на тема Човекови права. Како што покажува и агендата, интересот за овој панел беше голем, затоа што забележа 8 пријавени учесници. Панелот всушност ги групираше и собра на едно место доктори на науки кои веќе се вклучени во воспитно образовните процеси во високото образование. Тоа укажува на фактот дека учесниците не само што пројавуваат интерес во темата туку тие и активно вршат истражувања поврзани со човековите права *idem* со поконкретни теми како антидискриминација, говор на омраза и криминал од омраза. Покрај тоа, потребно е да се наведе дека истите учесници понатаму ќе служат како алатка за дисеминација на сопственото знаење пред се’ помеѓу студентите, но и во поширокото општествено опкружување. Исто така, темата Човекови права во рамките на конференцијата се здобива со дотолку поголема видливост и препознатливост токму заради тоа што истата е канализирана во еден посебен панел.

**Документиран материјал:**

На следниот линк може да се најдат информации и слики од четвртата меѓународна конференција (http://pf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/9-4-naucna-konferencija-praven-fakultet), како и видео запис за одржувањето на конференцијата (https://youtu.be/ODSsebIZsgY).

**АКТИВНОСТ БР. 8: Организација на Втора студентска конференција „Студентската мисла во правото, политиката и општеството“**

**Резултати од спроведени активности:**

На 3 ноември 2017 во Свечената сала на Правниот факултет во Штип, се одржа Втората студентска конференција „Студентската мисла во правото, политиката и општеството“. Конференцијата беше организирана во соработка со Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правниот факултет при Државниот универзитет во Тетово. Конференцијата беше отворена за учество за сите државни и приватни универзитети во земјата.

На студентската конференција вкупно се јавија 23 студенти, и тоа 17 од Правниот факултет при УГД – Штип и 6 студенти од Правниот факултет при УКИМ – Скопје. Од Државниот универзитет во Тетово не се јави ниту еден студент.

Според повикот темите на конференцијата беа поделени во три пошироки категории и тоа: право, политика и општество, како и беше предвиден и посебен панел за човекови права, антидискриминација, превенција од говор на омраза и криминал од омраза.

Според пријавеното учество на конференцијата, студентите беа поделени во следните панели: 1. Прв панел: *Антидискриминација, превенција на говор од омраза и криминал од омраза,* во кој пријавија учество 8 студенти; 2. Втор панел: *Право,* во кој пријавија учество 8 студенти; и 3. Трет панел: *Политика,* во кој пријавија учество 6 студенти.

На конференцијата се појавија единствено студентите од Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Студентите од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, освен Јовица Димитриевски, кој го најави своето отсуство, ниту еден од другите не се појави на конференцијата ниту пак достави било какво известување. Професорот Лазар Јовевски исто така не беше присутен на конференцијата, но, претходно не’ извести дека ќе биде отсутен во странство.

Во организацискиот одбор на конференцијата беа вклучени: доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска (претседател на Организацискиот одбор), доц. д-р Лазар Јовевски, доц. д-р Насер Адеми и студенти од секој од правните факултети, и тоа, од Правен факултет – Штип: Елена Трајковска, Кире Иванов, Антонио Стоилов, Анастазија Коцева; од Правен факултет – Скопје: Пепица Честојнова, Елена Котевска, Борјан Ефтимов; и од Правен факултет – Тетово: Адмирим Џафери, Фатлинд Даути и Егзона Османи.

Студентите коишто учествуваат на конференцијата беа поканети да ги доставаат своите трудови за објавување во петтиот број на студентското списание Students’s Social Science Journal, заклучно до 1 март 2018 г., при што ќе бидат објавени позитивно рецензираните трудови.

Конференцијата беше финансиски поддржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, коишто ги обезбедија закуската и освежувањата за време на конференцијата.

**Исполнување на целта:**

Конференцијата ја исполни целта за којашто беше предвидена. Пред се’ затоа што преставува континуитет на Првата студентска конференција која беше организирана во октомври 2016, во рамките на претходниот истоимен проект којшто го водеа проф. д-р Страшко Стојановски од Правен факултет – УГД и проф. д-р Агим Нихиу од Правниот факултет – ДУТ. За разлика од првата конференција која повеќе беше фокусирана на социјални нееднаквости, антидискриминација и превенција на говор од омраза и криминал од омраза, оваа конференција опфати пошироки теми од областа на правото, политиката и општеството, но од друга страна пак, во неа се предвиде посебен панел за антидискриминација, превенција на говор од омраза и криминал од омраза. Панелот своевидно ги групираше и ги собра на едно место студентите од Правниот факултет, кои беа токму таргет групата на проектот односно учесници во различните проектни активности. Всушност преку организирање на ваква конференција, им се даде можност на студентите да се вклучат директно во истражувачките води, да дискутираат, да даваат нови идеи и концепти, како и да изнаоѓаат нови решенија, земајќи го предвид фактот дека студентот отсекогаш бил стожер и двигател во современите општества. Тргнувајќи од тоа, оваа конференција не само што придонесе за потврдување и дисеминација на веќе востановеното знаење на студентите, со кое се здобија од претходните проектни активности поврзани со превенцијата на дискриминација, говор од омраза и криминал од омраза меѓу младите, туку и учеството во конференцијата им овозможи на студентите да ја зацврстат врската во однос на темата, која самите во иднина ќе продолжат да ја негуваат, дополнуваат и шират.

**Документиран материјал:**

На следниот линк може да се најдат повиците за учество за втората студентска конференција: (http://pf.ugd.edu.mk/?p=114), информацијата за одржување на студентската конференција (http://pf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/15-studentska-misla-pravo-politika-opst-estvo) и видео запис од настанот (https://youtu.be/L0G4X5LMsQc).

**ЗАБЕЛЕШКА:** Во врска со организирањето на конференцијата и со остварувањето на меѓусебна соработка помеѓу трите правни факултети вклучени во организацискиот одбор, потребно е да се забележи дека и покрај нашиот ангажман за соработка и нашето обраќање, со Правниот факултет при Државниот универзитет во Тетово, не остваривме никаква соработка и не добивме никаков фидбек во однос на организирањето на активностите. Делумно, истото се однесува и за Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ – Скопје. Имено со проф. Јовевски воспоставивме одредено ниво на комуникација и соработка, со што добивме и 6 апстракти за учество од страна на студенти од тој факултет, меѓутоа, како што беше забележано студените кои пријавија учество не се појавија на денот на конференцијата.

**АКТИВНОСТ БР. 9 Секција посветена на човекови права и слободи во рамките на Student’s Social Science Journal N. 4 (2017)**

**Резултати од спроведени активности:**

На почетокот на јуни беше објавен повикот за доставување на трудови за Четвртиот број на меѓународното студентско списание Student’s Social Science Journal предвидено да се објави во октомври 2017.

Во повикот за трудови беше објавена покана за доставување на трудови во посебна секција од списанието посветена на превенција од дискриминација, борба против говор од омраза и криминал од омраза.

Според тоа, беа доставени вкупно 15 трудови[1] од областа на превенцијата од дискриминација, борба против говор од омраза и криминал од омраза а тоа се следните:

1. АМЕДОВ Абдуљ, *ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ОСНОВА НА НАЦИОНАЛНА ПРИПАДНОСТ*
2. БОЖИНОВСКА Елица, *ПРАВО НА АБОРТУС И ЗАКОНСКИТЕ ПРОЦЕДУРИ ПРИ ОСТВАРУВАЊЕ НА ОВА ПРАВО*
3. ЗАХОВА Цветанка и КОСТУРАНОВА Ана, *ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО ЈАВНИОТ ДИСКУРС И НИВОТО НА НЕГОВА ТОЛЕРАНЦИЈА ВО МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО*
4. ЈОВАНОВА Душица, *ГОВОР НА ОМРАЗА И МЕДИУМИ*
5. КАРОВА Марина, *ЗАБРАНАТА ЗА ТОРТУРА НА МЕЃУНАРОДНА И НАЦИОНАЛНА СЦЕНА*
6. МАРИНКОВА Марија, Говор на омраза и медиуми
7. МИТРОВИЌ Давид, *НЕЗАВИСНОСТ НА СУДСТВОТО КАКО ЗНАЧАЕН ПОСТУЛАТ ВРЗ КОЈ СЕ ЗАСНОВА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО*
8. НИКОЛОВ Иван и КАРОВА Марина, *СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*
9. НИКОЛОВ Иван, *КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА И МАРГИНАЛИЗИРАНИ ГРУПИ*
10. РАЈЧИНОСКИ Ѓорѓи, *ПОЛИТИЧКА ДИСКРИМИНАЦИЈА СО ОСВРТ НА ПОЛИТИЧКАТА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО РАБОТНИТЕ ОДНОСИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*
11. РИСТОВСКА Венета, *ПРИПАДНОСТА КОН ЕТНИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И ВЕРСКИТЕ УБЕДУВАЊА КАКО ОСНОВИ ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО РАБОТНИТЕ ОДНОСИ*
12. СТЕПАНОВСКА Моника, *РАСА, БОЈА НА КОЖА И ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ – ДОМИНАНТНИ ОСНОВИ ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА*
13. ТОМЧЕВСКА Симона, *ДИСКРИМИНАЦИЈА БАЗИРАНА ВРЗ ПОЛ*
14. ТРАЈКОВА Александра, *РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ И ДИСКРИМИНАЦИЈА НА ЖЕНАТА*
15. ЧЕСТОЈНОВА Пепица, *ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ОСНОВА НА ЕТНИЧКО ПОТЕКЛО*

---

[1] Целосните трудови се прикачени во прилог на овој извештај.

За оваа активност не е предвидено никакво финансирање од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

**Исполнување на целта:**

Целта на оваа активност е исполнета. Најпрво заради тоа што преку списанието посветено на студентите се создава една традиција и континуитет на негување на пишаната мисла, што само по себе е одржливо во долг период. Ова од два аспекти. Првиот аспект е дека преку придонесот на студентите со сопствен труд од областа на антидискриминацијата, превенцијата на говор од омраза и криминал од омраза, всушност тие си го афирмираат сопственото знаење за наведените теми, и истовремено го прошируваат истото читајќи ги ракописите на другите студенти кои учествуваат во тој број. Според тоа, списанието претставува еден вид на писмен доказ кој е своевиден пример за понатамошна дисеминација на знаењето поврзано со овие теми. Освен тоа, и оваа активност како и претходните овозможува да се утврди и да зацврсти јадрото на студенти кои биле поврзани преку различните проектни активности.

**Документиран материјал:**

На следниот линк може да се најде повикот за доставување на трудови (**http://pf.ugd.edu.mk/?p=131**).

**ЗАБЕЛЕШКА:** Целосното објавување на четвртиот број на студентското списание е уште во тек, од причини што истото е во фаза на лектура и техничка обработка во Центарот за издавачка дејност при УГД, кои како процеси не зависат од Правниот факултет.

**АКТИВНОСТ БР. 10 Работилница „Слобода на говор и на изразување“**

**Резултати од спроведени активности:**

На 17.11.2017 со почеток во 11.00 часот, во Свечената сала на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, се одржа работилница на тема ‘Слобода на изразување’.

Работилницата се спроведе во соработка со Центарот за односи со јавност при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, и со студентите од Правниот факултет во Штип, насока Новинарство и односи со јавност.

Имено, на работилница имаа излагање новинарот Тони Михаилов од Центарот за односи со јавност – УГД, на тема Слобода на изразување во медиуми, и преку скајп поврзување се приклучи Игор Стојанов од САД (исто така новинар во Центарот за односи со јавност при УГД – Штип), кој направи Паралела помеѓу слободата на говорот во Соединетите Американски држави и во Европа, односно Република Македонија. Освен тоа, беа вклучени студентите од студиската програма по Новинарство и односи со јавност од Штип и од Скопје, кои имаа свои презентации и анализи на теми поврзани со слобода на изразување. Модератор на работилницата беше проф. д-р Жанета Поповска, во улога на претставник на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Студентите кои се вклучија во оваа активност беа следните:

1. Ивана Митева, *СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ ПРЕКУ ТАНЦОТ*
2. Симона Велкова, *ГОВОР НА ОМРАЗА*
3. Бојана Трајчева, *ЖЕНСКИОТ ЛИК ВО СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ*
4. Група студенти од Новинарство и односи со јавност од дисперзираните студии во Скопје (Елеонора Гоцевска, Маја Стевиќ, Габриела Пауновска, Јован Богојев, Тереза Николовска, Тијана Марковска, Милена Станишковска, Стефан Младеновски, Борче Стефковски, Димитар Пешевски, Стефан Блажевски), *АНАЛИЗА НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ ВО ТВ СЕРИЈАТА „СЕМЕЈСТВОТО МАРКОВСКИ“*

На работилницата исто така, во соработка со Ликовната академија во Фоајето на Домот на културата во Штип, беше отворена изложба на постери на студенти под менторство на доц. м-р Јана Јакимовска, на тема ‘Ценезура’. Постерите се однесуваа на разните видови на цензура на слободата на изразувањето во општеството изразено преку уметноста.

**Исполнување на целта:**

Работилницата ја оствари целта за која беше предвидена. Имено, оваа работилница беше наменета за студентите од насоките Новинарство и односи со јавност, кои беа избрани за таргет група токму заради полето што го покриваат поврзани со прием, пристап и давање на информации, и заради особено значајната улогата на идни новинари што студентите би ја извршувале по завршувањето на студиите. Ова, затоа што слободата на изразување има повеќе начини на остварување и на постигнување, и пристапот до информации е токму еден од нив. Работилницата се одржа на еден креативен и невообичаен начин, затоа што учеството на студентите во неа беше одбележано преку изработка на аудио и видео прилози за активности коишто го засегаат секојдневието, и тоа поврзани со танцот како алтернативен начин на изразување, говорот на омраза, женскиот лик односно жената во слободата на изразување, како и мошне интересна анализа на современа македонска серија која оди по телевизиите т.е. ‘фамилијата Марковски’, за која беа направени анализи на сцени од сериите во кои се прикажуваат антидискриминациски елементи, говор на омраза па дури и криминал од омраза. Оваа работилница всушност ги поврза на некој начин студентите од различните генерации на Правниот факултет, од студиската програма Новинарство и односи со јавност и преку нивното активно вклучување овозможи тие да истражуваат на овие теми и да се запознаваат со овие прашања, а со тоа им го подигна нивото на свест за истите.

Исто така, интересно е да се напомене дека и во оваа активност се вклучи Ликовната академија преку учество на студенти со нивни постери на оваа тема. Со нивното вклучување всушност се воведе еден интердисциплинарен пристап кон темата слобода на изразување, којашто се прошири надвор од областа на правото и политиката и на некој начин се приближи и до уметниците, кои пак преку нивните дела се обидоа да ја опишат состојбата на слободата на изразување во современите општества, но и во нашата земја.

**Документиран материјал:**

На следниот линк може да се најде информацијата поврзана со одржувањето на настанот (http://pf.ugd.edu.mk/index.php/mk/vesti/16-rabotilnica-sloboda-na-govorot-i-govor-na-omraza)

**КРАЈНА ЗАБЕЛЕШКА:**

Важно е да се наведе дека препознатливоста и видливоста на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и соработката која ја остваруваше со Правниот факултет при УГД – Штип, беше присутна на секој настан и соодветно обележана. Имено, сите активности што ги работевме заедно, беа обзнанети и промовирани преку медиумите и јавните гласила, така што пошироката јавност имаше директна можност да се запознае и со работата на Правниот факултет и со заеднички остваруваната соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Правниот факултет би сакал да изрази особена благодарност за досегашната соработка и поддршката што ја доби од Мисијата на ОБСЕ во изминатите години, и се разбира и во последниот работен период, и останува расположен за идна соработка доколку се создадат можности и околности.

Како незадолжителна обврска која си ја презема Правниот факултет, а која произлегува како последица од заедничките активности, тоа е дека Правниот факултет во следните години ќе продолжи да ги негува досегашните активности кои ги работеше заедно со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, и онаму каде што ќе може во духот на добра и искрена соработка ќе продолжи да ја негува и да ја промовира заштитата на човековите права, на антидискриминацијата и на дискурсот против говорот од омраза и криминалот од омраза, преку разните активности во рамките на факултетот.